# Службен весник
## на Република Македонија

**Број 11** **18 јануари 2019, петок** **година LXXV**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 137. | **Одлука** за објавување јавен оглас за избор на заменик директор на Дирекцијата за заштита на личните податоци........................................... | 2 |
| 138. | **Одлука** за објавување јавен оглас за именување на член на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен............................ | 2 |
| 139. | **Одлука** за објавување јавен оглас за именување на заменик на претседателот и два члена на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер...................................... | 3 |
| 140. | **Решение** за престанок на должноста извршител.................................... | 3 |
| | **Огласен дел**..................................... | 1-28 |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**137.**

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Македонија, а во врска со членовите 37 став 6 и 38 ставови 1 и 2 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ број 7/2005, 103/2008, 124/10, 135/11, 43/14, 153/15, 99/16 и 64/18), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 16 јануари 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ИЗБОР НА ЗАМЕНИК ДИРЕКТОР НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**

I. Собранието на Република Македонија објавува јавен оглас за избор на заменик директор на Дирекцијата за заштита на личните податоци (во натамошниот текст: Дирекцијата).

II. За заменик директор на Дирекцијата може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен правен факултет;

4) има минимум пет години работно искуство во областа на правните работи;

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

III. Пријавата за учество на овој оглас, личната биографија и потребните документи за докажување на исполнувањето на условите од точката II. на оваа одлука, во оригинал или заверена копија на нотар, заинтересираните кандидати треба да ги поднесат до Собранието на Република Македонија во рок од 15 дена од денот на објавувањето на оваа одлука во „Службен весник на Република Македонија“.

IV. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“ и во весниците „Нова Македонија“, „Слободен печат“ и „Koha“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| Бр. 08-266/1 | Претседател на Собранието |
| 16 јануари 2019 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Талат Џафери,** с.р. |

**138.**

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Македонија и членот 3 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Македонија“ број 51/11, 148/13, 41/14, 130/14, 53/16 и 11/18), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 16 јануари 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА И ПОСТАПКА ОД РАБОТЕН ОДНОС ВО ВТОР СТЕПЕН**

I. Собранието на Република Македонија објавува јавен оглас за именување на еден член на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (во натамошниот текст: Државната комисија).

II. За член на Државната комисија се избира лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

4) има минимум четири години работно искуство на управни работи;

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ- најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен,
- БУЛАТС (BULATS ) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (B2).

III. Заинтересираните кандидати пријавата за учество на овој оглас, личната биографија и потребните документи за докажување на исполнувањето на условите од точката II. на оваа одлука, во оригинал или заверена копија на нотар, може да ги поднесат до Собранието на Република Македонија во рок од 15 дена од денот на објавувањето на оваа одлука во „Службен весник на Република Македонија“.

IV. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“ и во весниците „Нова Македонија“, „Слободен печат“ и „Koha“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| Бр. 08-267/1 | Претседател на Собранието |
| 16 јануари 2019 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Талат Џафери,** с.р. |

**139.**

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Македонија, а во врска со членот 31 ставови (3), (5) и (6) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" број 13/2006, 86/2008, 6/10, 42/14, 148/15, 55/16 и 64/18), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 16 јануари 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ И ДВА ЧЛЕНА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

I. Собранието на Република Македонија објавува јавен оглас за именување на заменик на претседателот и два члена на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер (во натамошниот текст: Комисија).

II. За заменик на претседателот на Комисијата се именува лице кое ги иполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен правен факултет;

3) има шест години работно искуство од кои три години во навладиниот сектор;

4) да не е член на политичка партија;

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода и
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

III. За член на Комисијата се именува лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен правен факултет;

3) има пет години работно искуство во областа на информирањето и правните работи;

4) да не е член на политичка партија;

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода и
- АПТИС (APTIS) најмалку ниво Б2 (B2).

IV. Заинтересираните кандидати пријавата за учество на овој оглас, личната биографија и потребните документи за докажување на исполнувањето на условите од точките II. и III. на оваа одлука, во оригинал или заверена копија на нотар, може да ги поднесат до Собранието на Република Македонија во рок од 15 дена од денот на објавувањето на оваа одлука во „Службен весник на Република Македонија".

Заинтересираните кандидати со документите од ставот 1 на оваа точка треба да достават и лична изјава заверена на нотар за исполнување на условот од потточка 4) на точките II. и III. од оваа одлука.

V. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија" и во весниците „Нова Македонија", „Слободен печат" и „Koha".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| Бр. 08-268/1 | Претседател на Собранието |
| 16 јануари 2019 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Талат Џафери,** с.р. |

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**140.**

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), а во врска со член 71 став (1) точка б) и став (2) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/16 и 142/16), Министерството за правда донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ДОЛЖНОСТА ИЗВРШИТЕЛ**

1. На извршителот Владо Стеваноски од Прилеп, именуван за подрачјето на Основниот суд во Прилеп и Основниот суд во Крушево, му престанува должноста извршител поради навршување на 64 години возраст согласно закон.

Решението влегува во сила на ден 29.11.2018 година.

О б р а з л о ж е н и е

Со Решение на Министерот за правда бр. 09-7236/1 од 10.12.2008 година лицето Владо Стеваноски од Прилеп е именуван за извршител на подрачјето на Основниот суд во Прилеп и Основниот суд во Крушево.

Извршителот Владо Стеваноски роден на ден 29.11.1954 година, на ден 29.11.2018 година навршува 64 години возраст, поради што ги исполнува условите за престанок на должноста извршител.

Согласно наведеното, а врз основа на член 71 став (1) точка б) и став (2) од Законот за извршување, Министерството за правда одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управен суд, во рок од 30 дена од денот на примот на Решението.

| | |
|---|---|
| Бр. 09-5469/1 | |
| 23 ноември 2018 година | Министер за правда, |
| Скопје | д - р **Рената Дескоска**, с.р. |

Службен весник
на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2019 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.

ISSN 0354-1622

2019011